**20250631329**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 26 став (2) од Законот за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19 и 3/25), министерот за дигитална трансформација донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ЕЛЕКТРОНСКАТА ПОТВРДА ЗА ПРИЕМ НА БАРАЊЕТО ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на електронската потврда за прием на барањето во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги.

Член 2

Потврдата за прием на барањето во електронска форма од член 1 од овој правилник, содржи:

- име и презиме на подносителот на барањето,
- идентификациски број на барањето,
- назив на побараната услуга,
- назив на надлежниот орган или друг субјект - давател на услугата и
- датум и време на прием на барањето.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината на електронската потврда за прием на барањето во електронска форма („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 263/19).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-348/3
17 март 2025 година
Скопје

Министер за дигитална
трансформација,
**Стефан Андоновски,** с.р.